**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број: **09-1250/3**
21.02.2024 година
Скопје
**ООУ„Љубен Лапе“ - Скопје**

| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
|---|---|
| **Датум на интегрална евалуација:** | Од 08.11.2023 година до 10.11.2023 година |
| **Број на извештај:** | 23/скопски/2023 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Драгослава И. Војницалиевска |
| **Вид на училиштето:** | Основно училиште |
| **Основач на училиштето:** | Општина Аеродром |
| **Наставен јазик:** | Македонски наставен јазик |
| **Број на ученици:** | 1271 |
| **Полова структура на ученици:** | 626 машки, 645 женски |
| **Број на наставници:** | 81 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Маја Ивановска |
| **Директор на училиштето:** | Фоника Станоева |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 02-04 октомври 2017 година |
| **Адреса на училиштето:** | Ул.Васко Карангелевски бр.2 |
| **Телефон:** | 02 2450 220 |
| **Факс:** | 02 2450 220 |
| **e-mail:** | ljuben_lape@yahoo.com |
| **оценка од интегрална евалуација** | Добар (3,16) |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Службен весник на РМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013; 41/2014; 33/2015; 145/2015; 30/2016 и 64/2018 година) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Службен весник на РМ“ број 86/2006 година).

# Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за просветната инспекција од 08.11.2023 година до 10.11.2023 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на ООУ„Љубен Лапе“ – Општина Аеродром, Скопје.

Подготвителната фаза од интегралната евалуација е спроведена од раководителот на инспекцискиот тим со посета на училиштето и прибирање на сите потребни документи во кои се содржат податоците за работата на училиштето.

За време на надзор, тимот ги спроведе сите планирани активности: посета на наставни часови, состаноци со директор на училиште, со стучни соработници, со Училиштен одбор, со Совет на родители, со Ученички парламент, разговори со фокус група на ученици и наставници по стручни активи и членови на тим кои учествувале во изготвување на Самоевалуацијата на училиштето.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ„Љубен Лапе“ е **добар (3,16)[1].**

Во училиштето реализацијата на наставните планови и програми обезбедува постигање на целите од националните стандарди и Концепцијата за основно образование. Училиштето има формирано Училиштен инклузивен тим, составен согласно законската регулатива и истиот се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште. Во однос на работата со децата со посебни образовни потреби, во училиштето е обезбедена стручна поддршка од специјален едукатор и рехабилитатор, психолог и педагог. Училиштето нема сензорна соба за учениците со ПОП. Дел од наставниците посетувале обука за работа со ученици со посебни образовни потреби..

Постојат мал број примери на соодветно вградени особености на локалната средина во поставените цели од наставните програми, наставните помагала, како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничката интеграција во образованието и младинското учество. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на манифестации и натпревари што се организираат на општинско и регионално ниво. Во последните три учебни години училиштето освоило поголем број награди. Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците според пол и етничка припадност по сите наставни предмети, за сите класификациони периоди по години и паралелки и презема активности за нивно подобрување.

Во училиштето има пропишани процедури за поддршка и следење на планирањата на наставата од страна на директорот и стручните соработници. Годишните и тематски планирања се разгледуваат и прибираат на почетокот на учебната година, а оперативните планови и сценаријата за час континуирано се следат во текот на годината и при посетите на часови од страна на директорот и стручните соработници. Поголем број од наставниците користат разновидни форми, добро испланирани и соодветни методи за работа со учениците најчесто индивидуално или заедничка работа со целата паралелка,

1

Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

а поретко во парови или во групи. Наставниците главно користат исти приоди за сите ученици независно од индивидуалните способности за учење на учениците.

Наставниците во планирањата-сценаријата имаат планирано реализација на наставни единици со примена на ИКТ и користење на линк и е-содржини. Употребата на ИКТ во наставата е согласно предвидената динамика во Годишните планирања.

Поучувањето е јасно и разбирливо соодветно на возраста на учениците. Во училиштето застапеноста на интерактивната настава е добра. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и главно нивниот придонес се почитува. Постои интеракција наставник - ученик, а во помала мера е застапена и интеракција ученик - ученик.

Наставниците користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците. Застапено е формативно и сумативно оценување, кое кај поголем број на наставници е јавно и транспарентно. Родителите добиваат информации за постигнувањата на учениците на ниво на паралелка, како и пишани извештаи (евидентен лист) и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, вклучувајќи информации за личниот и социјалниот развој на детето.

Хигиената во училиштето е на добро ниво. Училишниот простор е чист и се дезинфицира во текот на учебната година согласно законските прописи.

Училиштето има пропишани процедури за навремено откривање и грижа на учениците со емоционални проблеми. Стручната служба е обучена да им помогне на учениците и родителите во вакви ситуации и ги упататува до релевантни институции (здравствени установи, Центар за социјална работа и други).

Наставниците водат уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на сите ученици, како и за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој. Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските раководители, предметните наставници и родителите за постигањата на учениците.

Училиштето е препознатливо како редовен учесник и носител на настани од културното живеење во општина Аеродром. Учениците постигнуваат добри резултати во одредени наставни и воннаставни подрачја во кои преовладува креативна работа во процесот на учењето.

Училиштето има сопствена визија и мисија јавно истакната и најголемиот дел од вработените ја познаваат. Наставниците и учениците се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него.

Училиштето води политика на поттикнување на наставничкиот кадар и на учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално и државно ниво. Учениците со високи постигања се промовираат на крајот на учебната година.

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава по Норматив. Во училиштето има недоволен просторен капацитет за реализација на наставата.

Училишната библиотека располага со повеќе од пет книги по ученик, вклучувајќи и лектирни изданија. Библиотеката има комјутер со пристап до интернет и библиотечната евиденција за издадени и вратени книги се води уредно и во пишана и електронска форма. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и има истакнато работното време по денови.

При ангажирање на наставничкиот кадар се земаат предвид законските и подзаконските акти и соодветната квалификација согласно нормативот. Работата на наставниот кадар ја надополнува стручна служба која соработува со наставниците и учениците, која редовно дава поддршка и се справува со проблемите на индивидуално и групно ниво дава советодавна помош на учениците.Наставничкиот кадар и стручната служба имаат ажурирани професионални досиеја.

Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Буџетските приоритети се поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето. Буџетот се користи за приоритетни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина.

Работата на Училишниот одбор е транспарентна. Членовите на Училишниот одбор се запознаени со сите прашања во врска со воспитно образовната работа, постигањата на учениците, програмата за развој на училиштето, самоевалуацијата, реализацијата на активностите како и за управување со финансиите во училиштето.

Директорот на училиштето ефикасно ја планира, следи и унапредува работата на училиштето преку транспарентно тимско работење и распоредување на одговорностите на сите субјекти во училиштето.

Работата на училиштето е уредена со Статут на училиштето со бр.01-710/1 од 01.12.2021 година, одобрен од страна на Министерството за образование и наука со Решение бр.УП1 18-693 од 25.11.2021 година.

Училиштето, преку тимско работење, има изготвено Самоевалуација со бр.01-662/2 од 29.07.2022 година, а усвоена од Училиштен одбор со Одлука бр.02-662/1 од 29.07.2022 година. Училиштето има изготвено Развојна програма за работа со бр. 01-309/2 од 07.07.2021 која ги содржи приоритети за развој на училиштето во наредните четири години, а истата со Одлука бр . 01-309/1 од 07.07.2021 година, е усвоена од Училиштен одбор.

За учебната 2023/2024 година, училиштето има изготвено Годишна програма за работа со бр.02-591/2 од 31.07.2023 година, усвоена од Совет на Општина Аеродром со Одлука бр.09-273/7 од 29.08.2023 година.

Училиштето за учебната 2022/2023 година, има изготвено Годишен извештај со бр.03-597/2 од 07.08.2023 година, усвоена од Совет на Општина Аеродром со Одлука бр.09-273/6 од 29.08.2023 година

Училиштето со Решение бр. 03-597/3 од 07.08.2023 година, има формирано Тим за меѓуетничка интеграција. Партнер училиште им е ООУ„Кирил и Методиј", с.Кучевиште – Скопје, за што поседува Меморандум за соработка со бр.03-156/1 од 04.04.2019 година.

За развивање и унапредување на сите форми на спортски активности, училиштето со Решение бр. 0805-50/150020230226446 од 05.09.2023 година донесено од Централниот регистар на РМ, има регистриран училишен спортски клуб „Љубен Лапе“ – Скопје, основан 11.02.2014 со активен статус.

# Карактеристики на училиштето

ООУ„Љубен Лапе“ е воспитно – образовна установа која се наоѓа во Општина Аеродром – Скопје, на Ул.Васко Карангелевски бр.2. Училиштето е основано со Решение бр.08-2358 од 27.06.1986 година, од страна на Собрание на Општина Кисела Вода како ОУ„Видое Смилевски-Бато“, и Решение за извршена промена на деловните субјекти со дел.бр.02-4157/4 од 01.03.1999 година, кога кај училиштето е направена промена во ОУ„Љубен Лапе“.

Носител на основачките права на училиштето е Општина Аеродром. Дејноста на училиштето е верифицирана со Решение за верификација на дејност основно образование во основното училиште „Љубен Лапе“, Општина Кисела Вода бр.09-3453/3 од 04.09.2002 година. Заведено е во Централен регистар со број 30120230011603 со последно Решение за промена од 07.07.2023 година, со Даночен број:4030986165259, Матичен број:4110846 и Жиро сметка: 775010448078715.

Во училиштето учат ученици од прво до деветто одделение. Наставата се изведува во две смени и се реализира на македонски наставен јазик. Во учебната 2023/2024 година, запишани се вкупно 1271ученици, од кои 626 машки и 645 женски ученици.

Наставата во училиштето ја реализираат 81 наставник, од кои шест наставници реализираат настава и во други училишта во рамки на Општина Аеродром. Сите имаат високо образование и од нив 16 имаат завршено магистерски студии. На неопределено работно време се 74 наставника и 7 наставника на одределено работно време.

Училишната зграда е градежен објект од цврста градба со вкупна корисна површина од 3345 м2. Училиштето располага со фискултурна сала и училишен двор на површина од 8000 м2 и со спортски терени на површина од 1850 м2, на која има игралишта за фудбал, ракомет и кошарка. Училишниот објект има 31 училница и 5 кабинети за предметна настава. Од наставни помагала училиштето располага со 27 функционални ЛЦД проектори, 10 смарт табли, 15 печатари, 30 ПЦ компјутери за наставниците и стручни соработници и 16 персонални компјутери во училница по информатика и 5 лап топи.

# 1. Наставни планови и програми

## 1.1 Реализацијата на наставните планови и програми

Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука. Реализацијата од страна на наставниците е согласно наставните планови и програми, во пропишаниот обем и обезбедува постигање на целите од националните стандарди и концепцијата за основно образование. Содржините во најголем број наставни програми овозможуваат

постигање на целите за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост.

Училиштето има воспоставено процедури и користи повеќе различни начини и средства (брошура, веб страна) да ги информира учениците и родителите како и сите други што бараат информација за целите на наставните планови и програми што се реализираат, вклучувајќи ги и целите што се однесуваат на меѓуетничка интеграција.

Училиштето со Одлука бр.03-722/1 од 20.09.2023 година има формирано Училишен инклузивен тим, составен согласно законската регулатива и истиот се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште. Во училиштето вкупно 11 ученици се со наод и мислење од релевантна институција и за сите ученици со посебни образовни потреби постои Инклузивен тим за ученик, а родителите се дел од тимот и се вклучени во изработка на индивидуалниот образовен план (ИОП), со што се обезбедува нивна целосна информираност. Во однос на работата со децата со посебни образовни потреби, во училиштето е обезбедена стручна поддршка од специјален едукатор и рехабилитатор, психолог и педагог. Училиштето нема сензорна соба за учениците со ПОП. Дел од наставниците посетувале обука за работа со ученици со посебни образовни потреби.

Училиштето по наставен план, согласно концепцијата и водичот за слободни изборни предмети на учениците нуди слободни изборни предмети од четирите категории кои ученикот ги избира во текот на една учебна година, еден во прво и еден во второ полугодие, а за учениците од прво до трето одделение слободните изборни предмети се реализираат како слободни активности. Постапката за определување на изборни предмети се применува во целост, доследно се почитуваат потребите и барањата на учениците. Избор се врши со спроведување на анкета. За изборот на изборен предмет и бројот на ученици по секој предмет училиштето го известува Министерството за образование и наука.

Училиштето не реализира проширена програма, родителите не се изјасниле за проширена програма.

### 1.2 Квалитетот на наставните планови и програми

Училиштето на наставнички совет, совет на родители и училиштен одбор планира активности за прибирање и разгледување мислења за наставните планови и програми и учебните помагала од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност и истите мислења ги доставува до надлежните институции. Постојат мал број примери на соодветно вградени особености на локалната средина во поставените цели од наставните програми, наставните помагала, како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничката интеграција во образованието и младинското учество.

Училиштето има разработени насоки за интегрирање на меѓупредметните цели во сите програми за работа што ги реализираат и наставниците.

Училиштето писмено до надлежен орган не покренува иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми.

### 1.3 Вонннаставни активности

Училиштето планира и реализира разновидни вонннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците кои служат за поддршка на образовниот, личниот и социјалниот развој на учениците. Организирањето на заеднички вонннаставни активности со партнер училиштето е добро.

Учениците се вклучуваат во вонннаставните активности, според сопствен избор. Најголем дел од учениците се вклучени барем во една вонннаставна активност. Во вонннаставните активности, особено во секциите, опфатени се поголем број ученици според нивните индивидуални способности, наклонетост и предиспозиции. Изборот се врши преку анкетирање на учениците, а групите најчесто се хетерогени (од различни паралелки). Училиштето во вонннаставните активности ги вклучува и учениците со посебни образовни потреби. Препораките на наставниците се клучни при планирањето на содржините и активностите. Понекогаш и учениците се вклучуваат со свои предлог

содржини и активности во подготвување на програмите за работа на вонннаставните активности. Наставниците најчесто ги земаат во предвид нивните предлози.

Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на манифестации и натпревари што се организираат на општинско и регионално ниво. Во последните три учебни години училиштето освоило 538 награди од кои :

- 258 награда на општинско ниво (109 прво место,91 второ место и 58 трето место)
- 230 награди на регионално ниво (76 прво место, 67 второ место и 87 трето место)
- 48 награди на државно ниво (9 прво место, 19 второ место и 20 трето место)
- 2 награди на меѓународно ниво (1 прво место и 1 трето место)

Училиштето учествува на конкурси и освојува награди.

Училиштето се стекнало со медали, пехари, дипломи, благодарници и пофалници.

Во училиштето во претходните три учебни години реализирани се 11 проекти, ова учебна година активно се реализираат 10 проекти: Меѓуетничка интеграција; Антикорупциска едукација за учениците од основните училишта; Училиште на 21 век; Учиме да пливаме; Активности за подигање на демократската клима во училиштата; Е-Твининг проект добри и лоши страни на социјалните медиуми; Е-Твининг проект употреба на социјалните медиуми во училницата; Критичко размислување и решавање на проблеми; Кодирање со микро бит-уред;

Еразмус Плус проекти (Систем на води, Животот е обоен со нови информации, Немаш право да ми вршиш булинг и Социјалните медуми во училницата и првенција на меѓуврсничко насилство)

Училиштето во проектот за меѓуетничка интеграција во образованието е вкучено од учебната 2019-2020 година. Училиштето има реализирано активности со партнер училиште ООУ„Кирил и Методиј“ општина Чучер Сандево. Училиштето со решение дел бр 03-597/3 од 02.08.2023 година има формирано тим за меѓуетничка интеграција во образованието.

За развивање и унапредување на сите форми на спортски активности, училиштето со Решение бр. 0805-50/150020230226446 од 05.09.2023 година донесено од Централниот регистар на РМ, има регистриран училишен спортски клуб „Љубен Лапе“ – Скопје, основан 11.02.2014 со активен статус.

Училиштето за афирмирање на вонннаставните активности има ученичко катче.

# 2. Постигања на учениците

## 2.1 Постигања на учениците

Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците според пол и етничка припадност по сите наставни предмети, за сите класификациони периоди по години и паралелки и презема активности за нивно подобрување. Изготвува споредбедни анализи за постигањата на учениците на тримесечие, полугодие и на крај на учебната година. Средниот успех за последните три учебни години изнесува 4.97. Средниот успех по предмети во предметна настава по задолжителната група предмети е 4.76, по изборната група предмети успехот е 4.99. Успехот по периоди нема големо намалување, се движи од 4.44 до 4.75. Во однос на постигањата на учениците според пол, подобри постигања имаат учениците од женски пол 4.82, а учениците од машки пол 4.72.

Учениците се оцените и по поведение, во трите претходни учебни години сите ученици се со примерно поведение.

Училиштето планира и презема конкретни активности за континуирано подобрување на постигањата на учениците, во соработка со родителите преку советување на учениците и родителите од страна на стручната служба. Во претходните две учебни години за родителите и учениците спроведени се 25 советувања, од нив 21 се за несодветно однесување, 2 за намален успех и 2 за нередовно посетување настава.

Во училиштето во последните три учебни години индетификувани се 25 ученика со потешкотии во учењето, 17 талентирани ученици и 11 ученика со посебни образовни потреби. Училиштето промовира уверување дека постигањата на учениците може да се подобрат и континуирано презема конкретни активности во таа насока.

Училиштето има систем за детектирање и поддршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици, како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок.

Поголем дел од наставниците им даваат поддршка на учениците што имаат потешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби, избирајќи активности соодветни на нивните интереси и можности. Училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за учениците кои имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области.

Училиштето ги следи постигањата на учениците при премин од одделенска во предметна настава и од еден во друг период, а за постигањата по завршување на основното образование комуницира со учениците и добива усмена информација, прави споредбени анализи за отстапувања во успехот од еден до друг образовен период и успехот е помал за 0,40%.

Училиштето има интерен акт за избор на ученик на генерација и секоја учебна година избира ученик на генерација и ги наградува со книги и пофалници.

## 2.2 Задржување/ осипување на учениците

Училиштето обезбедува услови и има изградена политика за запишување на сите деца од реонот, вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби. Училиштето квартално ги ажурира податоците за запишаните ученици и ги известува надлежните институции. Училиштето има воспоставен систем за прибирање на податоци за опфатот на ученици при преминот од основно во средно образование.

Училиштето ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Соработува со родителите, локалната самоуправа и со граѓанските организации за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата. Просечниот број на изостаноци е 19,44 по ученик, од кои 19,34 изостаноци по ученик се оправдани и 0,1 изостанок по ученик е неоправдан. Поголем број на изостаноци имаат учениците од машки пол и учениците од 8 и 9 одделение.

Училиштето и стручниот соработник психолог реализира советувањата на родителите, за што води уредна документација, ги известува надлежните институции,

врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците.

Училиштето го следи осипувањето на учениците збирно по пол, одделение/ паралелка, ги анализира причините и во соработка со локалната самоуправа и родителите навремено презема конкретни активности да го намали осипувањето. Во последните три учебни години има 58 осипани ученици, а прилив на 52 ученици.

Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. При преминот во друго училиште ги доставува информациите за воспитно-образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот.

### 2.3 Повторување на учениците

Сите ученици го завршуваат одделението, односно годината. Нема ученици кои се упатени на продолжителна настава.

Училиштето ги запознава учениците и родителите со политиката за напредување и наградување и со правото за поднесување жалба до Наставнички совет доколку постои незадоволство од оценки на крајот на учебната година.

## 3. Учење и настава

### 3.1 Планирања на наставниците

Во училиштето има пропишани процедури за поддршка и следење на планирањата на наставата од страна на директорот и стручните соработници. Годишните и тематски планирања се разгледуваат и прибираат на почетокот на учебната година, а оперативните планови и сценаријата за час континуирано се следат во текот на годината и при посетите на часови од страна на директорот и стручните соработници. Тимот за меѓуетничка интеграција во образованието им обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од меѓуетничка интеграција во планирањата на наставниците. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП и остварува соработка со Основното училиште со ресурсен центар „д-р Златан Сремец“ и други релевантни институции.

Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување јасно се утврдени во планирањата кај наставниците. Наставниците ги користат информациите од оценувањето за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планираат следните чекори во учењето.

Наставниците планираат во рамки на 6 (шест) стручни активи, користат стручни искуства од обуки.

Распоредот на часови е изработен во согласност со наставниот план при што се почитува најдобриот интерес на детето. Училиштето изработува распоред за додатна и

дополнителна настава кој е истакнат на видни места и се реализира според предвидената динамика и согласно потребите на учениците. Училиштето има изготвено и распоред за ѕвонење.

### 3.2 Наставен процес

Поголем број од наставниците користат разновидни форми, добро испланирани и соодветни методи за работа со учениците најчесто индивидуално или заедничка работа со целата паралелка, а поретко во парови или во групи. Наставниците главно користат исти приоди за сите ученици независно од индивидуалните способности за учење на учениците.

Наставниците во планирањата-сценаријата имаат планирано реализација на наставни единици со примена на ИКТ и користење на линк и е-содржини. Употребата на ИКТ во наставата е согласно предвидената динамика во Годишните планирања. Училиштето има систем за следење на примената на ИКТ во наставата.

Задачите што се работат во училиштето или дома се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Наставниците ги користат расположливите ресурси (нагледни средства) и ги планираат согласно стандардите. Наставниците на учениците им овозможуваат да работат според сопствените можности.

Наставниците ги определуваат целите и очекуваните исходи од учењето со учениците и тие им се јасни на поголемиот број ученици. Поучувањето е јасно и разбирливо соодветно на возраста на учениците. Во училиштето застапеноста на интерактивната настава е добра. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и главно нивниот придонес се почитува. Постои интеракција наставник - ученик, а во помала мера е застапена и интеракција ученик - ученик.

Наставниците се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка, разбирање и доверба.

Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес истата редовно се применува, секој наставник двапати во едно полугодие на час се посетува од страна на директорот или од стручните соработници. Практика на размена на искуства со колеги од училиштето има преку нагледен час.

### 3.3 Искуства на учениците од учењето

Учениците го доживуваат училиштето како стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Трудовите на учениците од страна на наставниците се изложуваат на видни и соодветни места. Секој ученик не добива можност да има изложен труд. Ученикот има пристап до различни материјали за учење по најголем наставни предмети.

Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот и за активно учество во граѓанско, демократско и мултикултурно општество. За време на часот наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици.

Учениците имаат можност да го искажат сопственото мислење притоа почитувајќи го мислењето на другите. Нивното мислење од страна на наставниците се зема предвид при решавањето проблеми и при одлучувањето. Учениците се потикнуваат да иницираат и спроведуваат активности со одговорности во училиштето и во локалната средина.

Учениците се чувствуваат прифатени, задоволни и среќни во паралелката и во училиштето.

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручните соработници ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување.

Поголем број од наставниците, во соработка со стручните соработници и со Инклузивниот тим, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники со цел да ги мотивираат учениците да научат најмногу што можат.

### 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува законските и подзаконските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците изготвуваат сопствени критериуми, со утврдени стандарди за оценување на учениците, според образовните потреби, кои се усогласени со критериумите за оценување на ниво на училиште. Учениците и родителите се запознаени со критериумите за оценување на постигањата по сите наставни предмети. Наставниците користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците. Застапено е формативно и сумативно оценување, кое кај поголем број на наставници е јавно и транспарентно. Се оценуваат различни активности, писмени и усмени одговори, тестови, проекти, наставни ливчиња и друго. Застапено е и самооценување на учениците, но тоа не го овозможуваат сите наставници. Оценувањето на постигањата на учениците со пречки во развојот се врши според Правилникот за начинот на оценување на учениците со попреченост донесен од Министерот за образование и наука, согласно со целите на изготвениот Индивидуален образовен план, а во соработка со Инклузивниот тим.

Поголем број наставници им даваат повратни информации на учениците за нивната работа. Во повратната информација се содржани тековните постигања на учениците. Поголем дел од наставниците даваат насоки за подобрување на постигањата, а по потреба, ги вклучуваат учениците во дополнителна или додатна настава. Наставниците ги користат информациите од оценувањето за да го евалуираат и да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигнувањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката. За таа цел се организираат родителски средби на паралелките, формални и неформални средби, групни средби и индивидуални средби со родителите.

Родителите добиваат информации за постигнувањата на учениците на ниво на паралелка, како и пишани извештаи (евидентен лист) и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, вклучувајќи информации за личниот и социјалниот развој на детето. Од родителите се бара да дадат своја повратна информација по извештајот, со цел да се преземаат соодветни активности согласно со гледиштата на родителите во однос на постигнувањата и напредокот на нивните деца. Родителите на децата со посебни образовни потреби се запознаени со напредокот на ученикот предвиден во ИОП.

Наставниците го водат и редовно го ажурираат електронскиот дневник, сите родители имаат пристап до него и редовно се известуваат преку телефонски пораки и е-пошта.

## 4. Поддршка/помош на учениците

### 4.1 Севкупната грижа кон учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување настава, истиот е осигуран во А.Д.,,Винер осигурување - Виена順 иншуренс груп‘‘ - Скопје со Полиса бр.334096000660 за период од 07.02.2023 до 07.02.2024 година. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор и ги реализира според планираното. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците. Сите потенцијално опасни места во училиштето што не може да се избегнат во целост се посебно означени и од страна на наставниците учениците се информирани за можните опасности и се свесни за нивното присуство. Во училиштето има пет обучени од кадарот, за давање прва помош на учениците при несреќни случаи во училиштето и училиштето располага со пакет средства за прва помош. Училиштето има интерен акт - План за заштита и спасување - евакуација во случај на пожар, елементарни непогоди и други несреќи. Во последните три учебни години не е изведена симулативна вежба, а како причина за истото наведуваат дека две години немало настава со физичко присуство поради корона вирусот. За безбедноста на учениците во училиштето се грижи Друштво за услуги ,,СЕКЈУРИТИ ГРУП СЕРВИСИС ДООЕЛ Скопје‘‘, ангажирано од страна на основачот. Во училиштето има 11 хидрантски приклучоци за кои е во тек постапка за нивно мерење и исправност. Има 10 ПП апарати кои редовно се сервисираат и се соодветно распоредени во училишниот објект. Проверката за нивна исправност е извршена на ден 21.09.2023 година од страна на ,,ПП Сервис Ц-9 Гоце’’ ДООЕЛ - Скопје. Извршена е инсталација и мерење на громобраново заземјување и инсталирана е интернет мрежа и телофонска врска.

Училиштето има протокол како пишани документи Куќен ред и Кодекс на однесување во кои се дефинирани сите облици на однесување на учениците и возрасните. Протоколите доследно се реализираат и се применуваат. Во училиштето нема насилство манифестирано од страна на возрасните и учениците. Има примери за одржани предавања и работилници за заштита на учениците од стрес, ментално здравје, насилно однесување и врсничко насилство, работилници и предавања за трговија со дрога, сајбер насилство, позитивни и негативни последици од користење на интернет и социјални мрежи. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите и грижите на учениците им приоѓаат чувствително, грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Предавањата се вршени во соработка со МВР, Сектор за превенција од насилство и здруженија на психолози, како и организирани интерни предавања и работилници од страна на стручните соработници и наставниците. Учениците и родителите се информирани од страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки за насилство. Активностите за заштита и безбедност на учениците ги координира со институциите.

Училиштето има политика за забрана за пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанци. Во училиштето не се пуши, наставниците не доаѓаат во алкохолизирана состојба, не консумираат алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанци. Училиштето има пишани процедури за регистрирање на појавата на ваквите состојби и постапување при секое отстапување од нив. За заштита на учениците од употреба на алкохол, цигари и наркотични супстанци училиштето организира предавања.

Во училиштето за учениците од прво до третто одделение се организира исхрана за учениците (топол оброк), а за учениците од шесто до деветто понудена е ужинка. Преку јавна набавка спроведена од училиштето извршен е изборот на добавувач на топол оброк со ,,ВИМ-Д Компани“ ДООЕЛ – Скопје и добавувач за ужинки САРА Тренд ДООЕЛ - Скопје со кои училиштето има склучено договори. Советот на родители има формирано комисија за проверка на квалитет на храната за учениците. Училиштето води кампања за здрава исхрана и во минатата учебна година било вршено и мерење на телесна тежина на учениците, со цел да се укаже на важноста на здравата исхрана.

Училиштето има инклузивен тим и пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот. Инклузивниот тим на училиштето ја усогласува програмата според

индивидуалните потреби на учениците. Училиштето соработува со родителите на учениците со посебни образовни потреби и преку поддршка на основното училиште со ресурсен центар ОУРЦ ,,Др.Златан Сремец’’ - Скопје. По добиена проценка од МКФ има обезбедено пет образовни асистенти за учениците. Во училиштето нема ученик со физичка попреченост. Има посебна пристапна рампа за учениците со физичка попреченост. Просторот во приземјето на училиштето овозможува нивно движење. Во училишниот двор е изградено инклузивно игралиште, нема сензорна соба, посебен лифт ниту приспособен тоалет.

Во училиштето нема ученици од социјално загрозени семејства, кои приложиле документ, но училиштето редовно организира акции за обезбедување материјални средства и дава помош и поддршка за соучениците кои не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во воннаставните активности што бараат вложување дополнителни средства.

## 4.2 Здравје

Хигиената во училиштето е на добро ниво. Училишниот простор е чист и се дезинфицира во текот на учебната година согласно законските прописи. Училиштето воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена. Училишниот двор е чист и холтикултурно уреден. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци и училиштето воспитно делува учениците да ги фрлаат отпадоците во нив.

Училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести. Редовно се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација на целиот училишен простор, последната е извршена на 20.09.2023 година од ЈЗУ Центар за јавно здравје - Скопје, Служба за дезинфекција, дезинсекција и дератизација.

Училиштето има тим за грижа на здравјето кој согласно изготвена програма за превенција за здравјето и редовно организира предавања од областа на здравјето. За учениците, училиштето организира систематски прегледи, а за вработените санитарен и систематски лекарски преглед. Превентивниот здравствен лекарски преглед (систематски) на вработените извршен е во месец февруари 2022 година во ПЗУ Поликлиника со ординации од примарната здравствена заштита и биохемиска лабараторија МЕДИКА - Скопје, со која е склучен договор. Секоја година се организира вакцинација, систематски прегледи и стоматолошки прегледи на учениците во согласност со Националната програма за здравствена заштита и за истото се води уредна евиденција. Грижата за здравјето на учениците е опфатена во годишната програма за работа на училиштето.

Во училиштето нема ученици со хронично заболување.

Училиштето има пропишани процедури за навремено откривање и грижа на учениците со емоционални проблеми. Стручната служба е обучена да им помогне на учениците и родителите во вакви ситуации и ги упататува до релевантни институции (здравствени установи, Центар за социјална работа и други).

## 4.3 Советодавна помош на учениците за понатамошно образование на учениците

За можностите за понатамошно образование училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации. Професионалното ориентирање се врши најчесто од педагогот, психологот и одделенските раководители, кои во својата програма имаат предвидено работа за професионална ориентација со учениците од деветтите одделенија.

Стручните соработници во соработка со раководителите на паралелките од деветтите одделенија даваат советодавна помош за избор на занимање и образовна институција. Истото се врши во вид на предавања, работилници и посебно наменски часови за ученици од деветите одделенија на одделенскиот час.

Училиштето редовно е посетувано од јавни и приватни средни училишта кои нудат информации за уписите, а учениците имаат можност да добијат и промотивен материјал.

Училиштето има целосен увид во однос на тоа каде учениците кои го завршиле основното образование во училиштето, го продолжиле понатамошното образование.

## 4.4 Следење на напредокот на учениците

Наставниците водат уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на сите ученици, како и за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој. Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските раководители, предметните наставници и родителите за постигањата на учениците.

Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи, по квартали, за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Подготвените извештаи и анализи според паралелки им се доставуваат на увид на стручната служба и раководниот кадар. Извештаите се достапни за сите други наставници. Родителите и учениците се информираат на одделенскиот час, родителски средби и советот на родители. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес.

# 5. Училишна клима

## 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето е препознатливо како редовен учесник и носител на настани од културното живеење во општина Аеродром. Учениците постигнуваат добри резултати во одредени наставни и вонннаставни подрачја во кои преовладува креативна работа во процесот на учењето.

Училиштето има сопствена визија и мисија јавно истакната и најголемиот дел од вработените ја познаваат. Наставниците и учениците се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Наставниот кадар ужива респект кај родителите. Вработените и учениците со својата работа и однесување придонесуваат за постојана афирмација на училиштето.

Училиштето има изготвено свој Кодекс на однесување, кој ги опфаќа сите училишни структури истите го почитуваат. Истакнатиот Куќен ред на училиштето им овозможува на сите училишни структури вклучувајќи ги и родителите да бидат информирани за правилата на однесување во училиштето. Кодексот на однесување и еко кодексот се поставени на видно место во училиштето.

Училишната клима е добра, кај вработените постои добар професионален однос со меѓусебна почит и добра соработка, рамноправно се третират сите структури, што битно влијае на добрата работна атмосфера. Постои взаемна соработка и заедничка работа на наставниците во одделенска и предметна настава. Односите на наставниците и стручна служба се исто така на добро ниво.

Раководниот и наставниот кадар се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, како и создавање на пријатна атмосфера за работа за време на наставата и воннаставните активности. Дисциплината на учениците во училиштето е на добро ниво. Учениците се совесни, учтиво се однесуваат, соработуваат меѓусебно и со наставниот кадар. Сите ученици без оглед на способностите, родот, етничката припадност, вера и потекло се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Училиштето ги применува изработените правилници за пофалби, награди, педагошки мерки за учениците, како и правилата за однесување на учениците и наставниците во училиштето за време на наставата.

Училиштето има формирано ученички парламент избрани на демократски начин. Ученичкиот парламент има избрано ученик претседател и ученик правобранител кои учествуваат во разгледување на одлуки за прашања што се од непосреден интерес за нив и другите ученици и истите се покануваат да присуствуваат на наставнички совет и училишен одбор. Учениците целосно се информирани од преседателот за сите работи што се од нивен непосреден интерес и поголем број на ученици во одделението учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки.

## 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето става акцент на постигањата на сите ученици. Наставничкиот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Учениците имаат добри очекувања од самите себе и од другите за повисоки постигања на ниво на училиште. Најголем број наставници успешно го користат пофалувањето како начин на мотивирање. Училиштето има изградено систем на вредности и начин на промовирање на личните постигања на сите ученици во рамки на училиштето.

Училиштето води политика на поттикнување на наставничкиот кадар и на учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално и државно ниво. Учениците со високи постигања се промовираат на крајот на учебната година.

## 5.3. Еднаквост и правичност

Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување.

Наставници правично и со почит се однесуваат кон сите ученици независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста. Учениците учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училишен контекст.

Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници.

### 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната заедница

Училиштето планира активности да ги поттикне родителите да се вклучат во воспитно образовната работа на училиштето на сите нивоа. Училиштето користи методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални и родителски средби, приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање. Училиштето има пропишани процедури за избор на претставници на родителите во училишниот одбор. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата, идните активности и постигањата на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители во пишана форма.

Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.

Училиштето активно е вклучено во животот на локалната и урбана заедница преку спроведување заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата.

Соработката со сите училишта на ниво на општината се одвива преку комуникација на наставниот кадар и раководните тела и преку индивидуални посети на училиштата. Меѓусебната комуникацијата на учениците со ученици од другите училишта се одвива преку општински натпревари и спортски настани, учество на колонии, приредби и друго. Училиштето остварува соработка со здруженија, невладини организации, фондации при реализација на проекти. Постојат примери за успешно реализирани активности за мултиетничка интеграција и инклузивност во пошироката средина, како и активно учество на училиштето во проекти од интерес на заедницата.

## 6 Ресурси

### 6.1 Сместување и просторни капацитети

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава по Норматив. Постојат добри просторни услови за одвивање на работата на наставничкиот кадар и за организирање вонннаставни активности за учениците. Училишната зграда е градежен објект од цврста градба со вкупна корисна површина од 3345 м2. Училиштето располага со фискултурна сала и училишен двор на површина од 8000 м2 и со спортски терени на површина од 1850 м2, на која има игралишта за фудбал, ракомет и кошарка.

Училишниот објект има 31 училница и 5 кабинети за предметна настава. Просторните услови во најголема мера се пријатни за одвивање на работата на наставниот кадар и за организирање наставни и воннаставни активности за учениците. Мал дел од училниците несоодветствуваат со својата големина на бројот на учениците во паралелките. Намалувањето на просторните услови произлегува од големиот број на новоизградени стамбени објекти во училишниот реон поради кои во последните години е зголемен бројот на запишани ученици. Училишните кабинети во кои се реализираат часови во предметна

настава, се опремени и организирани на различно квалитативно ниво. Преку ПЕИП - Проектот за унапредување на основното образование од Министерството за образование и наука еден од кабинетите е опремен за предметите од групата на природните науки.

Училиштето располага со библиотека, наставничка канцеларија, административни простории во кои се сместени директор, педагог, психолог, дефектолог, секретар, училишна кујна со трпезарија и 17 други помошни простории. Училишната зграда во приземјето овозможува пристап за ученици со телесни пречки во развојот.

Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.

## 6.2 Наставни средства и материјали

Училиштето располага со стручна литература и наставни средства и помагала за реализација на наставата. Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, и според приоритетите ги обновува. Набавена е нова аудио визуелна и ИКТ опрема која е неопходна за непречено одвивање на воспитно - образовниот процес особено за работа по новата Концепција за основно образование.

Од наставни помагала училиштето располага со 27 функционални ЛЦД проектори, 10 смарт табли, 15 печатари, 30 ПЦ компјутери за наставниците и стручни соработници и 16 персонални компјутери во училница по информатика и 5 лап топи. Исто така, преку ПЕИП - Проектот за унапредување на основното образование од Министерството за образование и наука, а преку Претпријатие за продажба на книги, училишни и спортски помагала ,,Давка'', обезбедена е опрема и наставни средства и помагала за природните науки. За спецификите и потребите за учениците со посебни образовни потреби специјалниот едукатор и рехабилитатор користи и изготвува прилагодени наставни средства, но не е набавена асистивна технологија.

Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и ефективно и ефикасно ги користат во наставата и во учењето. Користење на ИКТ опрема е застапена во сите паралелки, особено се внимава на подобрување на условите во паралелките кои работат по новата Концепција. Исто така, за тие паралелки делумно се обезбедени и принтери за печатење на дигитални наставни материјали.

Училишната библиотека располага со повеќе од пет книги по ученик, вклучувајќи и лектирни изданија. Библиотеката има комјутер со пристап до интернет и библиотечната евиденција за издадени и вратени книги се води уредно и во пишана и електронска форма. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и има истакнато работното време по денови.

Училишната библиотека располага со околу 10081 книги од кои 8261 по жанрови и 348 стручна литература, 691 странска литература, 1820 лектири за учениците, 20 енциклопедии, 50 атласи, 30 речници и лексикони. Фондот на книги постојано се надградува со набавка на нови лектирни изданија кои се предвидени во програмите. Библиотекарот е одговорен за набавка, прием и распределба на бесплатните учебници, чија вкупна бројка изнесува 16858.

Училиштето планира и обезбедува потрошен материјал според приоритетните потреби за реализација на наставните и воннаставните активности.

## 6.3 Обезбедување на потребен наставен кадар

Училиштето има вработено наставници и стручни соработици за реализирање на воспитно-образовниот процес по сите наставни предмети и во моментот на интегралната евалуација имаат соодветно образование согласно со нормативите за наставен кадар, освен еден наставник по Информатика кој има завршено високо образование со 180 ЕКТС, но изборот е извршен согласно Закон. Наставниот кадар е делумно обучен за работа со деца со посебни образовни потреби. За работа со тие деца, добиваат поддршка од специјалниот едукатор и ангажираните образовни асистенти од училиштето со ресурсен центар со кое соработуваат. Раководниот, наставниот кадар и стручните соработници се обучени и реализираат активности за меѓуетничка интеграција.

Наставата во училиштето ја реализираат 81 наставника, од кои шест наставници реализираат настава и во други училишта во рамки на Општина Аеродром. Сите имаат високо образование и од нив 16 имаат завршено магистерски студии. На неопределено

работно време се 74 наставника и 7 наставника на одределено работно време. Според полот 72 се жени и 9 се мажи, а според етничката припадност сите се македонци.

Училиштето има пропишана процедура за реализација на приправничкиот стаж за наставник приправник. Во текот на интегралната евалуација училиштето има шест наставници - приправници кои менторската поддршка ја добиваат од наставник - ментор со добиено решение од Министерство за образование и наука кој е вработен во училиштето. Менторот има изготвено Програма за работа.

Наставниците работат во шест активи, и тоа: актив на одделенска настава, актив на странски јазици, актив на македонски јазик, актив математика и природни науки, актив на општествено подрачје и актив на физичко, музичко и ликовно образование. При ангажирање на наставничкиот кадар се земаат предвид законските и подзаконските акти и соодветната квалификација согласно нормативот. Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставничкиот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена.

Работата на наставниот кадар ја надополнува стручна служба која соработува со наставниците и учениците, која редовно дава поддршка и се справува со проблемите на индивидуално и групно ниво дава советодавна помош на учениците. Стручните соработници во своите програми за работа планираат и спроведуваат разновидни активности за работа со учениците и наставниците и секогаш се отворени за соработка.

## 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Училиштето ги детектира потребите на наставниците за професионален развој имајќи ги во предвид професионалните компетенции за наставниците. Училиштето има Програма за професионален и кариерен развој на наставниот кадар. Училиштето организира дисеминирање на знаењето, јакнење на вештините и способностите на кадарот. Организира и учествува во интерни и екстерни обуки, но се чувствува потреба од дополнителни обуки за учениците со посебни образовни потреби. Реализирана е обука со наставниците за планирање и реализирање на часовите согласно со новата Концепција за основно образование.

Наставничкиот кадар и стручната служба имаат ажурирани професионални досиеја.

Од страна на наставниот кадар изготвени се индивидални планови за личен професионален и кариерен развој.

## 6.5 Финансиско работење во училиштето

Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Буџетските приоритети се поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето. Буџетот се користи за приоритетни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина.

Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми. Раководниот кадар ги знае и ги разбира механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства. Училишниот одбор редовно добива извештај за финансиските активности и финансиската состојба на училиштето. Финасовиот план и финансиски извештаи се разгледуваат и носат од страна на училишен одбор.

# 7 Управување, раководење и креирање политика

## 7.1 Управување/раководење со училиштето

Училишниот одбор на училиштето е составен од 7 членови. Истиот, е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Работата на УО е дефинирана со Деловникот за работа на училишниот одбор, во согласност со истиот се одржуваат и реализираат состаноците. УО има своја програма за работа содржана во рамките на Годишната програма за работа на училиштето, со испланирани активности во временска рамка по месеци. Извештаите за работата на УО за тековната година и реализираната програма за работа се содржани во Годишните извештаи за работа на училиштето. Присуството на состаноците е редовно од претставниците на сите структури, освен членовите на ученичкиот парламент, кои присуствуваат повремено. Работата на Училишниот одбор е транспарентна. Членовите на Училишниот одбор се запознаени со сите прашања во врска со воспитно образовната работа, постигањата на учениците, програмата за развој на училиштето, самоевалуацијата, реализацијата на активностите како и за управување со финансиите во училиштето.

Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите чинители во животот на училиштето. Директорот на училиштето ја планира, следи и унапредува работата на училиштето преку транспарентно тимско работење и распоредување на одговорностите на сите субјекти во училиштето.

## 7.2 Креирање на образовната политика

Мисијата и визијата на училиштето ја одразуваат државната и локалната образовна политика. Тие се прецизни, јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, поддршка на активностите за инклузија, меѓуетничка интеграција, професионален развој на наставниците и унапредување на постигнувањата на учениците. Вработените, родителите и учениците учествуваат во креирањето на мисијата и визијата, ги познаваат и разбираат. Училиштето соработува со соодветни институции за остварување на мисијата и визијата. Училиштето ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето, за инклузија, меѓуетничка интеграција во образованието, намалување на сите видови насилства во училиштето, антикорупциска едукација на учениците, недискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите.

Резултатите се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето, а при нивното поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците од локалната заедница. Училиштето има акциски планови за остварување на резултатите во поставените цели и план за следење и евалуација и индикатори за остварување на резултатите и тој план го реализира. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање.

# 8 Наоди и препораки

## 8.1 Силни страни

- Голем учество на натпревари од државно и меѓународно ниво и добри постигања на учениците на натпревари;
- Реализирање на проекти од образовен карактер;

- Добра клима за работа во училиштето;
- Воспоставен добар однос, грижа и пристап на наставниците кон учениците
- Транспарентност при трошењето на училишниот буџет;
- Директорот има поддршка во креирањето и реализирањето на образовната политика од сите структури на училиштето.

## 8.2 Слаби страни

- Недоволен просторен капацитет за реализација на наставата
- Во последните три учебни години не е изведена симулативна вежба
- Потреба од дополнителни обуки за наставниците за работа со учениците со посебни образовни потреби и недостиг на асистивна технологија
- Наставниците не планираат диференцирани активности и наставни техники, како и недоволна интеракција на релација ученик - ученик

## 8.3 Препораки

- **Да се покренат иницијативи и активности до соодветни институции за подобрување на просторните услови за реализација на наствата;**
- **Да се преземат активности за да се изведе симулативна вежба;**
- **Да се преземат активности за организирање на дополнителни обуки за наставниците за работа со учениците со посебни образовни потреби и**
- **Да се планираат диференцирани активности со учениците и редовно да се употребуваат наставни техники кои ја подобруваат интеракцијата на часот.**

| | |
|---|---|
| **Драгослава И.Војницалиевска**, Раководител на инспекцискиот тим | |
| **Гоце Јанкуловски**, Инспектор | |
| **Јасмина Аврамовска**, Инспектор | |